# Ново Срце

**Неделен Христијански Интернет Билтен** **Година IV. бр. 124, Дата: 26. 03. 2012.**

## Човекот и пеперутката

Човекот е познат по тоа што понекогаш знае да има, би рекле „бунтовна“ природа. За што се буни најмногу? Јас би рекол, се буни поради тешкотиите. „Зошто животот е толку тежок?“, обично е главното прашање. Но, се разбира дека има и помали и поситни прашања, поврзани со неволјите кои ни доаѓаат во животот. Главната констатација е дека би биле многу посреќни без нив. Но дали е тоа така? Јас и не би бил толку сигурен во тоа. Но ајде да ви раскажам една случка, поврзана со проблемите и страдањата. Тоа е една приказна за човекот и пеперутката.



Си бил еден човек, со многу убава градина. Тој бил многу срекен поради тоа и навистина знаел да ужива во неа. Се било совршено средено под неговата работлива рака. Се си имало свое место, а човекот уживал да ја дотерува и да ја прави уште поубава. Најмногу го фасцинирало, тоа што за време на пролетните и летните денови, градината изобилувала со прекрасни шаренолики пеперутки. Ги имало во различни големини и разновидни, прекрасни бои. Со разлетаните пеперутки, градината добивала речиси рајски изглед.

Но еден ден на човекот му се случила една невообичаена работа. Тој здогледал на кората на едно дрво, пеперутка која штотуку излегувала од својот кожурец. Неколку часови, човекот гледал како пеперутката се мачи да го извади своето слабо тело од тој мал отвор на кожурецот. Во еден момент пеперутката застанала и изгледало како да таа повеке нема сили да продолжи понатаму. Гледајќи го сето ова, човекот одлучил да ѝ помогне на пеперутката. Зел малечки ножички и го засекол кожурецот. Пеперутката со леснотија излегла од кожурецот, но имала слабо тело и неразвиени крилја. Човекот продолжил да ја набљудува пеперутката, очекувајки крилјата да се отворат секој момент, надевајки се дека тие ке се рашират како би го подржале телото на пеперутката и како би го направиле стабилно. Меѓутоа ништо од тоа не се случило! Пеперутката целиот свој живот го поминала ползејки наоколу, со слабо тело и неразвиени крила. Таа никогаш не полетала.



И покрај целата своја љубезност и добри намери, човекот не сфатил дека тешкотиите низ кој пеперутката морала да помине, додека излегува од кожурецот, Бог намерно ги осмислил, како би можела крвта од телото на пеперутката да протече низ нејзините крила, па кога ќе се ослободи од кожурецот, да биде спремна за летање.

Понекогаш тешкотиите се потреба и во нашите животи. Кога Бог би не ослободил од сите препреки и неволји, Тој само би не ослабил. Никогаш не би постанале онолку силни, колку што можеме да бидеме. Никогаш не би го достигнале полниот потенцијал, кој е во нас. Никогаш не би можеле „да полетаме“. Токму затоа, кога баравме сила, Бог ни даде потешкотии, за преку нив да нé направи посилни. Кога баравме мудрост, Бог ни даде проблеми кои треба да се решат, допринесувајќи да станеме помудри. Кога баравме богатство, Бог ни ги даде умот и телото, за да можеме да работиме. Кога баравме храброст, Бог ни даде препреки кои требаше да ги совладаме. Кога баравме љубов, Бог ни даде луѓе на кои требаше да им се помогне. Не добивме ништо од она што баравме, ама добивме се што ни беше потребно.

И апостол Павле ни укажува дека неволјите понекогаш можат да бидат и корисни. Во едно од своите посланија тој запишал: *„...туку се фалиме и во неволјите, знаејќи дека неволјата раѓа трпение, трпението - искуство, а искуството - надеж; а надежта пак не разочарува, зашто Божјата љубов е излеана во нашите срца преку Светиот Дух, Кој ни е даден.“* **(Римјаните 5:3-5)**

**Автор: Јосип Пастор од Битола**

**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**